Бр: 03-6/2
Скопје: 02.02.2022

Врз основа на член 28 став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија„ бр. 145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18) и член 5 став (1) од Законот за контрола на државната помош („Службен весник на Република Македонија„ бр. 145/10), а врз основа на Барањето на мислење добиено од Влада на Република Северна Македонија бр. 09-11550/2 (Наш број 03-6/1 од 04.01.2022 година), Комисијата за заштита на конкуренцијата на седницата одржана на 02.02.2022 година го донесе следното

**М И С Л Е Њ Е**

Владата на Република Северна Македонија- Кабинет на Заменикот на Претседателот на Владата задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции со барање на мислење бр. 09-11550/2 (во натамошниот текст „Барање на мислење„), ја извести Комисијата за заштита на конкуренцијата дека Кабинетот на Заменикот на Претседателот на Владата задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, Фатмир Битиќи одржувал комуникација и разговори со Друштвото за производство, трговија и услуги ОРИЦОН АДВАНСЕД ТЕХНОЛОЏИС-ОАД ДООЕЛ Велес, за реализирање на нивниот проект за индустриско истражување во Република Северна Македонија, кој се однесува на индустриско истражување во областа на обновливата енергија-истражување и развој на батерии за складирање на електрична енергија за стационарни напојувања (натриум-јонски батерии) во Велес.

Во Барањето на мислење наведено е дека согласно доставениот деловен план бр.09-11550/1 од 17.11.2021 година, компанијата ОРИЦОН АДВАНСЕД ТЕХНОЛОЏИС-ОАД ДООЕЛ Велес ќе ја истражува примената на натриум-јонската технологија со употреба на водни раствори (aqueous sodium-ion technology) во производството на батериски системи за складирање на електрична енергија за стационарни напојувања. Индустриското истражување ќе биде насочено кон здобивање на нови знаења и вештини во врска со значително унапредување на постоечките производи и обезбедување основа за создвања не високо-компетитивни и безбедни батериски системи за складирања на електрична енергија и одржлив напредок во индустријата за батерии.

Исто така, во барањето на мислење наведено е дека согласно доставениот деловен план бр. 09-11550/1 од 17.11.2021 година од страна на компанијата ОРИЦОН АДВАНСЕД ТЕХНОЛОЏИС-ОАД ДООЕЛ Велес, резултатите од истражувањето ќе бидат споделени со македонската научна заедница и индустрија. Како резултат на тоа, истражувањето ќе придонесе за позитивен ефект на територијата на Република Северна Македонија (развој

на батерискиот сектор) и ќе претставува основ за понатамошни дополнителни истражувања и развој и иновации.

Воедно, во барањето на мислење наведено е дека кумулативната хоризонтална државна помош предвидена со Предлог-Договорот за доделување на државна помош, ќе биде ограничена на износ не повисок од 50% од неприговерениот и потврдениот износ на оправдани трошоци за индустриско истражување реализирани до датумот на завршување.

Во член 3 точка 3.1 од Предлог - Договорот за доделување на државна помош доставен до Комисијата за заштита на конкуренцијата од страна на Владата на Република Северна Македонија- Кабинет на Заменикот на Претседателот на Владата задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, наведено е дека давателот на државната помош се обврзува да му додели државна помош на корисникот на државната помош исклучиво за реализација на проект за индустриско истражување за кој поднел Деловен план и кој е дел од овој Договор. Исто така, во во член 3 точка 3.2 од Предлог - Договорот за доделување на државна помош наведено е дека давателот на државната помош ќе има обврска да му додели на корисникот на државната помош, државна помош само под услов ако корисникот инвестира вкупен износ од најмалку 4.900.000 евра во оправдани трошоци за индустриско истражување до датумот на завршување.

Во член 4 од Предлог - Договорот за доделување на државна помош наведено е дека корисникот на државната помош ќе се стекне со правото на исплата на државна помош за проект за индустриско истражување од давателот на државната помош, како хоризонтална државна помош, со цел воспоставување на одделение, центар или друг облик на организациска структура, во кое се реализира одржлив индустриско истражувачки проект и/или се ангажира високо квалификуван персонал со цел стекнување на нови знаења и вештини за развој на нови производи, производни процеси и услуги или за значително подобрување на постојните производи, производните процеси и услуги во производните дејности, со исклучок на прототипи, најмалку на начин и во обем опишани во Деловниот план. Корисникот на државната помош се обврзува резултатите од истражувањето да ги сподели со македонската научна јавност и индустријата, на начин и во обем како е претставено во Деловниот план и согласно позитивната меѓународна пракса за овој тип на истражувања.

Во врска со наведеното Барање на мислење по однос на прашањето дали предложениот пакет за хоризонтална помош е во согласност со Законот за контрола на државна помош и Уредбата за условите и постапката за доделување на хоризонтална помош („Службен весник на Република Македонија„ бр.03/14), Комисијата за заштита на Конкуренцијата смета дека предложениот пакет за хоризонтална помош, кој е планирано да се доделува како помош за индустриско истражување е во согласност со Законот за контрола на државна помош и Уредбата за условите и постапката за доделување на хоризонтална помош, под услов истата да се доделува согласно член 3 став (3), член 6 и член 14 од Уредбата за условите и постапката за доделување на хоризонтална помош.

Во врска со планираната реализација на проект за индустриско истражување на Друштвото за производство, трговија и услуги ОРИЦОН АДВАНСЕД ТЕХНОЛОЏИС-ОАД ДООЕЛ Велес, давателот на државната помош е должен да поднесе известување за

планирано доделување на државна помош, согласно член 13 од Законот за контрола на државната помош и Уредбата за начинот и постапката за поднесување на известување за доделување на државна помош, како и постапката за вршење надзор на постојаната државна помош („Службен весник на РМ“ бр. 142/11).

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Проф. Д-р Владимир Наумовски**